СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-3949/25
29.07.2020 година
К а в а д а р ц и

# З А П И С Н И К

Ја отварам 43 седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес, која поради состојбата со Корона вирусот а во насока на придржување на мерките за заштита ке се одржи преку интернет-конференциска врска.

Седницата се организира согласно Одлуката на Влада на Република Северна Македонија која донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за Локална самоуправа за време на вонредна состојба, согласно која Претседателот на Советот може да свика и раководи со Седницата и со употреба на комуникациски средства односно интернет конференциска врска.

Согласно цитираната Уредба, гласањето на Советот со употреба на комуникациски средства односно интернет конференциска врска , се одвива по пат на поименично произнесување на секој член на Советот кој е најавен на Седницата .

За таа цел Ве молам поименично да констатирам колку советници се најавени за денешната седница.Од евидентниот лист го повикувам секој советник да се изјасни.

1. Мирјана Гркова –да
2. Горица Пеливанова Вилхелм – да
3. Виолета Димитрова - да
4. Василка Дрварова - да
5. Зоран Јованчев -да
6. Развогор Кабранов - да
7. Митко Камчев - присутен
8. Анита Гинова -Каракутова - да
9. Душица Крстиќ - да
10. Божанка Минова - да
11. Тони Нешковски - да
12. Драганчо Николов - да
13. Петар Николов - да
14. Ташо Радњански – да
15. Ристо Сакалиев - да
16. Јосиф Стојанов да
17. Блаже Тасев - да
18. Никола Трендафилов да
19. Лазар Туриманџов - да

Констатирам дека кворум за работа има 19 најавени и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 42-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 15.06.2020 година.

Дали има забелешки по Записникот од 42-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 42-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 42-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес:

1. Предлог-Одлука за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансисрање на Проект,,Изградба на Пазар-со подземен паркинг во две нивоа покриен со настрешница и изградба на 1 улица ,,Зелен Пазар,, -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура;
2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци 2020 година;
3. Предлог-Одлука за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците ,,Киро Крстев,, ,,Крсте Мисирков,,, и ,,7 ми Септември,, Општина Кавадарци, плански период (2018-2023) ;
4. Предлог-Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица ,,Лазо Асијата,, ;
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2020;
6. Предлог-Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво Градски Ракометен клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци;
8. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Глишиќ;

9. Предлог-Одлука за ослободување од плакање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик,кои се корисници на услугите на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци;
10. Програма за работа на Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2020 година;
11. Годишен План за вработување година со арх.бр.01-110 од 18.06.2020 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2021 година;
12. Годишен План за вработување година со арх.бр.04-334/1 од 18.06.2020 година на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци за 2021 година;
13. Годишен План за вработување година со арх.бр.04-110/2 од 03.03.2020 година на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, Кавадарци за 2021 година;
14. Годишен План за вработување година со арх.бр.04-366/2 од 22.07.2020 година на ООУ,,Страшо Пинџур ,, Кавадарци за 2021 година;
15. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и развој на ЈП,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;
16. Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти,, Мито Хаџи Василев -Јасмин,, Кавадарци за првото тромесечие од 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;
17. Годишен План за вработување со арх.бр.04-1501/1 од 16.07.2020 година на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
18. Правилник со арх.бр.03-1519/4 од 21.07.2020 година за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот на блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
19. Предлог-Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.
Доколку нема против констатирам 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 20

20.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Годишен План за вработување со арх.бр.03-232/3 од 22.07.2020 на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за 2021 година;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.

Доколку нема против , констатирам 19 ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 21

21.Годишен План за вработување со арх.бр.03-232/3 од 22.07.2020 на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за 2021 година;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.

Доколку нема против консттаирам 19 ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 22

22.Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одредување на приоритетен проект "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем,,

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.

Доколку нема против констатирам 19 ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 23

23.Предлог-Одлука за одредување на приоритетен проект "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем,,

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Информација по судски предмет П4 бр.27/18;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.

Доколку нема воздржани и против утврдувам 19 ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 24

24. Информација по судски предмет П4 бр.27/18;

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Доколку нема целиот дневен ред го ставам на гласање.Дали има против и воздржани . Доколку нема констатирам дека е усвоен дневниот ред.

Преминуваме кон разгледување на дневниот ред.

1. Предлог-Одлука за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансисрање на Проект,,Изградба на Пазар-со подземен паркинг во две нивоа покриен со настрешница и изградба на 1 улица ,,Зелен Пазар,, -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура;

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Колеги пред да почнеме сакаме образложение да даде Градоначалникот по задолжувањето и ефектот од задолжувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитуван Претседател, советници, медиуми, граѓани. Во овој изминат период од повеке години се размислува за изградба на отворен Зелен пазар со паркиралиште.Исто така хендикеп ни е и ул.Зелен Пазар досега не е пробиена и отворена за циркулација на возила а и за месното население. Ние заеднички со овој совет и јас какао Градоначалник од почетокот на нашиот мандат ветивме дека ќе изградиме нов Зелен пазар со паркирање. Проектот го завршивме уште во месец Јануари и ги усогласивме сите правни моменти во делот на земјиштетео за да еве конечно денес имаме официјална понуда за долгорочно задолжување за изградба на Зелен пазар со две нивоа, и тоа за изградба на покриен паркинг , -1 и -2 , партнерно уредување околу пазар, и настрешница на пазарот каде што ке има соодветни услови за пазарење.Исто во тој проект е опфатена и улицата Зелен пазар која што ке биде со комплетна подземна инфраструктура, атмосфетска и канализациона и водоводна мрежа, тротоар од една страна и улично осветлување со киомплетно асфалтирање на самата улица.Ефектот од ова е од повеке гледни точки запазен. Прво би го добиле ефектот од изградба на Зелениот пазар од квалитетот на самите производи и пазарџии во работењето.Ке добиеме современ пазар, со настрешница со тезги за соодветно и модерно продавање на зеленчук, овошје, месо , млечни производи така да безбедноста ке биде запазена по ХАСАП систем и да има секоја тезга разладување, да има вода со водовод и комплетно да се добие пазар на ниво на 21 век.Исто така сакам да кажам дека со двете подземни паркиралишта добиваме 128 паркинг места и два лифтови. Од тие лифтови едниот ке биде за комерцијални потреби а самите пазарџии, едниот ќе биде за товарните возила на пазарџиите, соодветно да се качуваат со нивните возила, а второ да биде за нашите сограѓани кои што ке пазарат на

овој Зелен пазар да имаат соодветен лифт од нивниот автомобил, да можат да пазарат со колички, да се вратат во автомобилот каде што би го оставиле пазарлакот. Со тоа ке добиеме еден комплетно нов Зелен пазар со 128 паркинг места. Очекувањата се дека сјајот и дражот на Зелениот пазар ке се врати, на повисоко ниво.Сега очекувањата се дека луѓето ке пазарат на повисоко ниво, сега и самите гледате дека со овие пандемии кои што се случуваат , пазарите се едни од најризичните места ке имаме пазар со добра вентилација а и нивото на хигиена ке биде повисоко. Исто така од тука се очекува зголемување на приходите од пазарите со 128 паркинг места за паркирање кои што ќе ги имаме за паркиралишта во самото централно градско подрачје ќе се користат за пазарот но ќе се користат и за комерцијални цели каде што ке може граѓаните да паркираат и во наредните 10-15 години. Исто така би потенцирал дека улицата која што ќе ја пробиеме од Скара Бисер па до Скара РР, и со текот на времето ке имаме можност улицата од сегашна Стопанска Банка , Илинденска па се до стара автобуска да ја затвориме за сообраќај и да ја направиме БИТ зона во склоп на плоштадот. Тоа исто така е кометирано во последните 15-20 години, дека треба Бит зона, треба шеталиште на самиот Плоштад, и ке биде од големо значење на нашите граѓани. А со сето тоа добиваме и дополнителни финансирања од изнајмување на јавни површини кои што ќе бидат простор за изнајмување на ограничена дејност на работа, да не го направиме да биде тоа панаџур туку да биде едно културно до нèкое си ладно мезе, кафетерии, место за рекреација и со сето тоа мислам дека Кавадарци ќе добие едно шеталиште и пазар кој што 50 години е нереконструиран, 128 паркинг места и нова улица.Сето тоа е оправдано комплетно, ова задолжување го разгледа и комисијата за финансии и сум задоволен од тоа што го добивме како понуда од комерцијалните банки. Со 2,5% каматна стапка годишно на задолжувањето е на едно минимално ниво и можам да се споредам со државното задолжување кое што е 3.8% со задолжувањето на град Скопје кое што е 3.1%. Рокот на отплата е 10 години, со 2 години грејс период и на крај само би кажал дека доколку се биде во ред и се усвои ова задолжување кое што го искординиравме, градскиот пазар со сите правни моменти и запазување на сите дозволи треба од месец Октомври да го почнеме со градење заедно со улицата и со подземниот паркинг и со сите партнерни уредувања и осветлувања и крајниот рок ке биде наредниот Октомври 2021 година. Така да ако се биде во ред , во нормални услови, немаме некои пречки, ние за 9-10 месеци ке добиеме нов објект и со завршувањето на нашиот мандат би требало таа улица и тој пазар да биде во функција. Она што долго време го очекуваме е да добиеме како град и шеталиште, и затворен пазар и паркинг простор.

Во делот на она како општина од вкупните приходи и расходи кои што ги имаме ние сме незадолжена општина, ризик факторот е апсолутно минимален а тоа значи дека комерцијалните банки ни го одобруваат овој заем само со меница, апсолутно општината не става хипотекарна гаранција а тоа е многу битно за нас, исто така од Министерство за финансии имаме позитивно мислење – согласност, после ова уште една согласност треба да добиеме. Ако има некое прашање повелете, повелете, ова е голем предизвик и голем проект кој што во последните 10-15 години не е изграден.Последниот инфраструктурен објект е Спортската сала и Општата болница, а спортските сали и улиците кои што се праавт неможеме да ги категоризираме во вакви големи објекти од тарен карактер за наредните 50-60 години.

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Кој бара збор.

**БОЖАНКА МИНОВА :** Што се однесува до оваа точка , за изградба на Градскиот пазар и задолжувањето за оваа намена, ова е навистина голем проект се што е убаво бара и пари, задолжувањето кое што се прави е големо, но условите кои што се издејствувани за ваквото задолжување се многу позитивни по мое видување.Ја верувам дека тука за вакви поволни услови за овој кредит доста се вложил и Градоначалникот.Но пред гласањето имам самое дно прашање до Градоначалникот и тоа дали ваквото задолжување би имало реперкусии и по давачките на граѓаните.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:** Како што претходно дискутиравме воопшто нема да има никакви дополнителни трошоци по однос на граѓанството, ова финансова анализа која што ни е направена слободно можам да кажам дека 60% од заемот ќе се враќа од моменталното бруто работење на пазарот и од 40% искористеност на паркингот.Значи ја земаме најлошата варијанта на работење на динамика и темпо како што е сега дека тие 128 паркинзи кои што ке ги имаме ке ги искористиме 60% , отплата на самиот кредит а дополнителното доколку успееме да донесеме БИТ зона на Илинденска, од самите површини кои што ќе ги издаваме годишно од изнајмување на јавни површини ке треба до 90% да дојдеме искористеност на БИТ зоната.Нема никакви ниту такси ниту зголемување на даноците, ниту пак зголемување на паркиралиштата,и по ниеден друг основ нема да има никакво зголемување.

**РИСТО САКАЛИЕВ** Дали има други за збор. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци 2020 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

3. Предлог-Одлука за донесување на конечен предлог план на Детален урбанистички план за дел од УЕ11, дел од блок 11.5, помеѓу улиците „Киро Крстев„ „Крсте Мисирков„, и „7 ми Септември„ Општина Кавадарци, плански период (2018-2023) ;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

4. Предлог-Програма за изградба на придружен објект на гробишта(мртовечница) на градежно земјиште со катастарска парцела КП бр.12501/1 КО Кавадарци град, на градежна парцела ГП 1.1од ДУП Урбана единица „Лазо Асијата„

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2020;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

6. Предлог-Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво Градски Ракометен клуб ТИКВЕШ 2014 Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

7. Предлог-Одлука за примање донација – Патничко Моторно возило од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

8. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Глишиќ;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

9. Предлог-Одлука за ослободување од плакање на партиципација на деца Роми, што се во социјален ризик,кои се корисници на услугите на ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

10. Програма за работа на Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2020 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

11. Годишен План за вработување година со арх.бр.01-110 од 18.06.2020 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

12.Годишен План за вработување година со арх.бр.04-334/1 од 18.06.2020 година на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

13.Годишен План за вработување година со арх.бр.04-110/2 од 03.03.2020 година на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

14.Годишен План за вработување година со арх.бр.04-366/2 од 22.07.2020 година на ООУ,,Страшо Пинџур ,, Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

15. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и развој на ЈП,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

16.Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти,, Мито Хаџи Василев -Јасмин,, Кавадарци за првото тромесечие од 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

17.Годишен План за вработување со арх.бр.04-1501/1 од 16.07.2020 година на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

18.Правилник со арх.бр.03-1519/4 од 21.07.2020 година за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот на блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Отварам расправа, кој бара збор,
**ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА** : Дали може кратко објаснување, заради моменталната состојба на вчерашнатаКомисија за јавни и комунални дејности претставникот на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ Кавадарци ни објасни дека промената се однесува на член 4 односно дека се додаваат и моторциклите.Значи да објасниме промената се однесува на тоа.
**РИСТО САКАЛИЕВ** : Дали има други за збор. Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

19. Предлог-Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам расправа, Ја замолуваме претседателката на Комисијата за мандатни прашања да ги прочита предлозите за членови на Комисијата за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци.

**ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА**: На вчерашната Комисијата за мандатни прашања изменување и дополнување како предлози за Комисијата за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци се следните членови Илија Јанков, Диме Гурев, Драганчо Николов, Васко Керов и Виолета Димитрова.
РИСТО САКАЛИЕВ. Благодариме колешке, двајца од членовите се советници во советот а останатите се надворешни членови , агрономи, вработени во институции во Кавадарци

Предлогот го ставам на гласање, дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

20.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

21.Годишен План за вработување со арх.бр.03-232/3 од 22.07.2020 на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

22.Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

23.Предлог-Одлука за одредување на приоритетен проект "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем„

Отварам расправа, дали некој бара збор, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвоена точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

24. Информација по судски предмет П4 бр.27/18;
Гласаме за усвојување на Заклучокот. Кој бара збор Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е со 19 ЗА е изгласан овој Заклучок.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги со ова ја затварам 43ра седница на совет , ви посакувам убаво да го поминете овој викенд и ви го честитам празникот Илинден. Се надевам дека наредната седница ке биде во живо а не он лине.Сака и Градоначалникот да ви се обрати.
**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитувани советници и сограѓани сакам да ви се заблагодарам за денешните битни одлуки кои што се донесени, особено по точката 1. Можам само да кажам дека сето ова кое што се праве е во интерес на граѓаните и ќе биде најтранспарентно и најобјективно и за секој еден денар потрошен нормално да имаат граѓаните еден да имаме едн град на повисоко ниво во делот на етаблирањето на општеството.Сакаме да потенцираме и дакажеме во делот со пандемијата КОВИД 19 која што ја имаме, Кризниот штаб редовно работи, дел од вас се и во Кризниот штаб, направивме неколку обиди во последните 3 дена за да направиме повеке дезинфекции и укажувања. Јас ште еднаш би повикал и би укажал на сите а поготово на младата генерација да биде малку по стрплива и дисциплинирана во делот на социјалната дистанца и почитувањето на мерките, би сакал да потенцирам и да укажам дека не се главна причина угостителските објекти, бидејки шпекулациите кои што се насочуваат кон некоја кафетерија не се во ред, ризикот постопи секаден и на секе место и апелирам во иднина сите да ги почитуваат мерките по ковид 19. Мислам дека ке ја спасиме ситуацијата заради тоа што кластерот кој што веке го имаме е детектиран и сите кои што биле во потесен контакт со заболените се детектирани и се позитивни и се во самоизолација.Денес имаме само 1 позитивен, очекуваме и утре и другаден да излезат и други тестови но да се знае дека имаме и негативни тестови добиено денеска, со оглед на тоа да бидеме оптимисти да веруваме дека кластерот е детектиран и нема да се прошири . Болеста воопшто не е занемарлива и е страшна по повеке погледи, и не бира возраст и физичко здравје но е уште по страшна по однос на социјалниот и менталниот аспект на движење на луѓе а поготово и во економскиот и финансискиот дел на граѓаните и функционирањето на приватниот сектор. Тука пак ќе повикам на сите ние како граѓани нормално живееме и да не терба да бидеме изолираани но и да ги почитуваме мерките и доколку ги

почитуваме и научиме да зивееме со овој вирус се додека нема лек или вакцина семе безбедни за нашето здравје из дравјето на луѓето кои што не опкружуваат. Така да ова нека биде уште еднаш повик за сите наши сограѓани да ги почитуваат мерките секаден и по рекреативни површини и паркови и општо по сите јавни места.
Еве ви го честитувам и празникот Илинден а после Илинден ке имаме и нова седница за ребалансот а верувам дека околу илинден ке се формира и Влада, да има активна Влада , тука веќе еден пратеник има во делот на новата Влада на Република Северна Македонија, мислам дека веќе го има подигнато и сертификатот, нека му е честита и од мое име и од името на сите граѓани, ке има голема обврска да ја застапува Општина Кавадарци во следните 4 години. Му го честитувам мандатот и на другите двајца пратеници , и јас како Градоначалник, и вие какао совет а и граѓаните ке го бараме максимумот од нив да го извлечеме најдоброто за Кавадарци.

Изготвил : Стефанија Стоева

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**